DEFENDING HUMAN RIGHTS PROJECT

Македонско здружение на млади правници

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО ВО ПРАКТИКАНСКАТА ПРОГРАМА НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Македонското здружение на млади правници (МЗМП), во рамките на Проектот на УСАИД за заштита на човековите права, објавува јавен повик за учество во Програмата за практикантска работа за млади правници. Програмата има за цел континуирана едукација на младите правници во областа на заштита на човековите права.

## УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО:

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

- Завршени три години правни студии (стекнати 180 кредити);
- Интерес и основни познавања во областа на заштита на човековите права;
- Познавање на англискиот јазик.

Од кандидатите се очекува подготвеност да се обврзат на учество во текот на целокупното траење на циклусот од два месеца практиканска работа.

За учесниците во програмата е предвиден фиксен месечен паричен надоместок.

МЗМП ги повикува сите заинтересирани млади правници (вклучувајќи и студенти на постдипломски студии по право) да испратат свое резиме/CV и мотивациско писмо (не подолго од една страна), на електронската адреса: contact@myla.org.mk или на ул. Донбас бр.14/1-6,1000 Скопје, најдоцна до 22.12.2016 година.

Во периодот од месец јануари 2017 до февруари 2017 година, Програмата ќе ги опфати следните градови: Скопје, Битола, Штип, Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и Струмица. Кандидатите се замолуваат при аплицирањето задолжително да го наведат градот во кој се заинтересирани да ја обавуваат праксата.

Програмата се спроведува во соработка со судовите во Република Македонија (основните, апелационите, Управниот суд на РМ и Врховениот суд на РМ), Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација и адвокатски канцеларии. Предвидено е секој учесник да помине два месеца практикантска работа во една институција (изборот на институцијата го определува проектниот тим). Истовремено со практикантската работа учесниците посетуваат основна и напредна обука од областа на заштита на човекови права, за што се ангажирани домашни и странски предавачи.

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е невладина организација формирана со цел зајакнување на придонесот на младите правници во унапредувањето на правничката професија, заштита на човековите права и слободи и унапредување на принципот на владеење на правото во РМ преку учество и работа на конкретни проекти. Во своето работење МЗМП става посебен фокус на континуирана едукација на младите правници.

Од септември 2014 година МЗМП ја спроведува тригодишната програма "Проект на УСАИД за заштита на човековите права".

Само избраните кандидати кои што ги исполнуваат условите ќе бидат контактирани.

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ НА ПРОЕКТОТ

Проект на УСАИД за заштита на човекови права Македонско здружение на млади правници

Ул. Донбас 14/1-6, 1000 Скопје Tel. +389 (0) 2 3220 870
contact@myla.org.mk | www.myla.org.mk